FRA EUROPEAN UNION AGENCY FOR FUNDAMENTAL RIGHTS

# КРИМИНАЛ, БЕЗБЕДНОСТ И ПРАВА НА ЖРТВИТЕ

## РЕЗИМЕ



ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ФУНДАМЕНТАЛНИТЕ ПРАВА


**3**
Искуства со насилство

**9**
Искуства со вознемирување

**12**
Искуства со одредени имотни деликти и измама

**15**
Пријавување случаи на кривично дело во полиција и на други надлежни органи

**18**
Забележување кривично дело и преземање дејство

**20**
Загриженост во врска со кривични дела и избегнување ризик

© Агенција за фундаментални права на Европската Унија, 2021.

Репродукција е дозволена под услов да се наведе изворот.

За секое користење или репродукција на фотографии или на друг материјал што не спаѓаат под авторското право на Агенцијата на Европската Унија за фундаментални права, дозвола мора да се бара директно од носителите на авторското право.

Ниту Агенцијата на Европската Унија за фундаментални права ниту кое било лице што дејствува во име на Агенцијата на Европската Унија за фундаментални права не сноси одговорност за користењето на следниве информации.

Луксембург: Канцеларија за публикации на Европската Унија, 2021.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Print | ISBN 978-92-9461-197-0 | doi:10.2811/02677 | TK-06-20-041-MK-C |
| PDF | ISBN 978-92-9461-198-7 | doi:10.2811/38794 | TK-06-20-041-MK-N |

Фотографии:
Корица: © AlexLinch/iStock
Страница 5: © jayzynism/Adobe Stock
Страница 8: © JackF/Adobe Stock
Страница 11: © Daisy-Daisy/iStock
Страница 14: © terovesalainen/Adobe Stock
Страница 17: © kumikomini/iStock
Страница 21: © krsmanovic/Adobe Stock

Кривичните дела – особено насилните кривични дела – ги кршат основните човекови и фундаментални права на жртвите. Тие може да го опфаќаат правото на живот и човечко достоинство во контекстот на насилно кривично дело, заедно со пристап до правда при пријавување кривично дело и недискриминација во третманот на некое лице како жртва. Засегнати се и други права, вклучително и оние поврзани со имот и заштита на потрошувачите.

Ова резиме ги претставува клучните согледувања од вториот главен извештај на ФРА врз основа на нејзиното истражување за фундаменталните права. Извештајот се фокусира на искуствата на луѓето како жртви на одредени видови кривични дела. Поточно, се однесува на:

- насилство,
- вознемирување, онлајн и офлајн
- и имотни деликти – кражба, злоупотреба на нечија онлајн банкарска сметка или платежни картички и измама на потрошувачи.

Извештајот, исто така, истражува колку често жртвите ги пријавуваат овие злосторства во полиција и изнесува дополнителни детали во врска со случаи на вознемирување и насилство, како, на пример, за сторителите и каде се случиле инцидентите. Одбраните кривични дела отсликуваат и персонални и имотни деликти, и „традиционални“ кривични дела, како што е кражба, и кривични дела што можат да се случуваат и онлајн и офлајн.

Покрај тоа, анализата оценува колку луѓето се загрижени од можноста да доживеат кривично дело и дали го смениле однесувањето како реакција на согледан ризик од напад или вознемирување за да избегнат ситуации кога може да се случат вакви инциденти.

Извештајот, исто така, истражува колку луѓето би биле подготвени да интервенираат, да пријават во полиција или, доколку биде побарано од нив, да сведочат на суд во три хипотетички сценарија: физичко насилство меѓу партнери, физичко насилство врз дете и кривични дела против животната средина.

Презентираните резултати ги нудат првите податоци од истражувањето за криминалитетот во ЕУ во врска со искуствата на општата популација со криминална виктимизација, кои можат да се користат за информирање на ЕУ и националната политика и законодавството за жртвите на кривични дела.

## Истражување за фундаменталните права: клучни факти

Истражувањето за фундаменталните права собра податоци во 29 земји: 27 земји членки на ЕУ, Обединетото Кралство (земја членка на ЕУ во тоа време) и Северна Македонија (единствена земја што не е членка на ЕУ, со статус на набљудувач на ФРА во времето на подготовка на истражувањето). Во секоја земја учествуваше репрезентативен примерок испитаници – од приближно 1.000 во повеќето земји до околу 3.000 лица во Франција и во Германија. Интервјуата за истражувањето, кои се одржаа во периодот јануари – октомври 2019 година, резултираа со вкупен примерок од 34.948 испитаници.

Резултатите се репрезентативни на ниво на ЕУ, како и за секоја земја, во поглед на лица што се на возраст од 16 години или повеќе и имаат вообичаено место на живеење во земјата каде што учествувале во анкетата.

## Вкупна стапка на криминална виктимизација во истражувањето

Истражувањето за фундаменталните права се состои од прашања за искуствата на луѓето со пет вида кривични дела: кражба, измама со онлајн банкарски сметки или платежни картички, измама на потрошувачи, вознемирување и насилство. Извештајот ги испитува резултатите за секој од петте вида.

Земени заедно, 54% од луѓето во ЕУ-27 доживеале едно или повеќе од овие кривични дела во петте години пред анкетата, а 39% ги доживеале во 12-те месеци пред анкетата. Во рамките на овие стапки, преваленцијата на петте вида кривични дела варира во голема мера.

Од петте вида, луѓето најчесто доживувале вознемирување (41% во петте години пред анкетата), проследено со измама на потрошувачи (26%). Искуствата со кражба, измама со онлајн банкарски сметки или платежни картички се ретки – помалку од едно лице од 10, ги доживеало во петте години пред анкетата. Вкупната стапка на преваленција на искуствата со кривични дела, како во петте години, така и во 12-те месеци пред анкетата, е тесно поврзана со искуствата со вознемирување и измама на потрошувачи, бидејќи тие се најраспространети од петте вида кривични дела во анкетата.

**СЛИКА 1: ИСКУСТВА СО ПЕТТЕ КРИВИЧНИ ДЕЛА ЗА КОИ СЕ ОДНЕСУВАШЕ АНКЕТАТА, ВО ПЕТТЕ ГОДИНИ И ВО 12-ТЕ МЕСЕЦИ ПРЕД АНКЕТАТА (ЕУ-27, %)**




**Забелешки:**
**Од сите испитаници во ЕУ-27 (n = 32.537); пондерирани резултати.**

*Извор: ФРА, Истражување за фундаменталните права 2019; собирање податоци во соработка со Centraal Bureau voor de Statistiek (CBS, NL), Centre des technologies de l'information de l'État (CTIE, LU) и Statistics Austria (AT)*

Покрај петте вида кривични дела наведени погоре, Истражувањето за фундаменталните права ги праша испитаниците дали јавен службеник или државен службеник побарал или очекувал да направат услуга (како што е давање подарок или донација) во замена за одредена услуга. Вкупно 4% од луѓето го искусиле тоа во последните пет години во ЕУ-27. Сепак, искуствата значително варираат меѓу земјите членки на ЕУ. **Првиот извештај на ФРА во врска со истражувањето за фундаменталните права** подетално ги анализира резултатите.

## Клучни наоди и мислења на ФРА

# ИСКУСТВА СО НАСИЛСТВО

**Повеќе од 22 милиони луѓе во ЕУ претрпеле физичко насилство во годината пред анкетата.**

- Речиси едно од 10 лица (9%) во ЕУ-27 доживеало физичко насилство во петте години пред анкетата, а 6% доживеале физичко насилство во 12-те месеци пред анкетата. Тоа значи дека повеќе од 22 милиони луѓе претрпеле физичко насилство во една година во ЕУ-27 (процена заснована на резултатите од истражувањето во однос на популацијата на ЕУ).
- Овие резултати вклучуваат претрпено едно или повеќе од четирите широки акти на физичко насилство за кои се прашани во анкетата: удирање шлаканица, фрлање нешто кон вас, туркање или влечење за коса; удирање еднаш со тупаница или со нешто друго што може да ве повреди; клоцање или влечење или удирање; или обид за задушување или задавување.
- Искуствата варираат меѓу земјите на ЕУ, движејќи се во опсег од 3% до 18% кои претрпеле физичко насилство во петте години пред анкетата. Ваквите разлики меѓу земјите членки треба да се разгледуваат заедно со официјалната статистика за кривичните дела евидентирани во полицијата во секоја земја (што е надвор од опсегот на тековниот извештај) и заедно со податоците во врска со моделите за пријавување кривични дела, кои се разгледани во посебно поглавје во овој извештај.
- Младите (на возраст од 16-29 години) се изложени на најголем ризик да претрпат физичко насилство, во споредба со луѓето од другите возрасни групи, а и во споредба со други социодемографски карактеристики што ги испитува истражувањето. Речиси едно од четири лица (23%) на возраст од 16-29 години претрпело физичко насилство во петте години пред анкетата. Во другите возрасни категории, едно од 10 лица, или помалку, претрпело физичко насилство во истата временска рамка.

### МИСЛЕЊЕ НА ФРА БРОЈ 1

Физичкото насилство е загрижувачка реалност низ цела ЕУ, како што покажуваат податоците од истражувањето. Во согласност со Директивата за правата на жртвите, земјите членки треба да ги зголемат своите напори да обезбедат пристап до правда за сите жртви на кривични дела, вклучително и најранливите, обезбедувајќи им на жртвите соодветни информации, поддршка и заштита и овозможувајќи нивно учество во кривичната постапка.

Стапката на физичко насилство искусено од младите е многу поголема отколку кај другите возрасни групи. Тоа оправдува земјите членки на ЕУ да преземат мерки со цел да се обезбеди младите да бидат информирани за своите права и каде да се обратат доколку претрпат физичко насилство. Во оваа возрасна група, некои искуства со насилство може да се појават на училиште или во услови на терцијарното образование, вклучително и врсници на жртвите. Затоа е важно да се донесат насочени мерки за овој контекст.

Земјите членки на ЕУ треба да изготват насочени мерки за спречување физичко насилство врз лица со попреченост, етнички малцинства и лезбијки, хомосексуалци, бисексуалци, транс и интерсексуалци, кои трпат повисоки стапки на физичко насилство – и вознемирување – отколку другите. Покрај физичкото насилство воопшто, овие групи се подложни на инциденти мотивирани од омраза, како што нагласуваат целните истражувања на ФРА со специфични групи. Тоа може да има негативно влијание врз чувството на безбедност кај овие групи.

★ Други групи што трпат физичко насилство со повисока стапка од просекот за целото население, вклучуваат лица што сметаат дека се дел од етничко малцинство (22% за петте години пред анкетата); лица што се самоидентификуваат како лезбијки, хомосексуалци, бисексуалци или „други“ (19%); и лица со ограничена деловна способност поради здравствен проблем или попреченост (17%).

**СЛИКА 2: ИСКУСТВА СО ФИЗИЧКО НАСИЛСТВО, ВО ПЕТТЕ ГОДИНИ И ВО 12-ТЕ МЕСЕЦИ ПРЕД АНКЕТАТА, ПО ЗЕМЈИ (%)**




*Извор: ФРА, Истражување за фундаменталните права 2019; собирање податоци во соработка со CBS (NL), CTIE (LU) и Statistics Austria (AT)*

Забелешки:

Од сите испитаници во ЕУ-27, Обединетото Кралство и Северна Македонија (n = 34.948); пондерирани резултати.

Насилството е јасно кршење на правата на жртвите, особено на нивното човечко достоинство и на нивното право на интегритет (членови 2 и 3 од Повелбата на Европската Унија за фундаменталните права (Повелбата)). Во согласност со Директивата за правата на жртвите, жртва на насилно кривично дело е лицето што има претрпено штета од сторителот на кривичното дело, кое е заштитено од повторна виктимизација, кое има пристап до правда и кое може да учествува во кривичната постапка. Истражувањето покажува дека значителен број луѓе во ЕУ трпат физичко насилство секоја година. Истражувањето на ФРА за насилството врз жените го поткрепува овој наод, како што го поткрепуваат и други истражувања на ФРА фокусирани на искуства со насилство кај групи какви што се имигранти и етнички малцинства, како и ЛГБТИ лица.

Како што потврдува првата стратегија на ЕУ за правата на жртвите (2020-2025), за најранливите жртви, какви што се жртви на родово насилство, деца жртви, жртви со попреченост или жртви на кривично дело од омраза, особен предизвик е да се спроведе кривичната постапка и да се справат со последиците од кривичното дело. Во врска со ова, Директивата за правата на жртвите пропишува воспоставување соодветни структури, кои обезбедуваат услуги од областа на општа и специјалистичка поддршка, како и заштита во согласност со специфичните потреби на жртвите. За да се идентификуваат жртвите со специфични заштитни потреби, директивата бара од земјите членки да посветат особено внимание на случаи поврзани со насилство во рамките на блиска врска и родово насилство, полово насилство, кривично дело од омраза и други кривични дела поврзани со личните карактеристики на жртвите, како и на жртвите со попреченост.



Соодветно на тоа, во согласност со членовите 8 и 9 од Директивата за правата на жртвите, жртвите со специфични потреби мора да имаат пристап до специјализирани организации за поддршка со доволно вработени и финансии. Член 18, исто така, пропишува посебни мерки за заштита на овие жртви од ризици од секундарна виктимизација (како резултат на нивното третирање од полицијата и од системот на кривична правда) и повторување на виктимизацијата (кога повторно се жртви), заплашување и одмазда (од сторителот(сторителите)).

Други конкретни делови од секундарното законодавство на ЕУ, како што е Рамковната одлука во врска со расизам и ксенофобија, исто така ги потенцираат правата на специфични групи ранливи жртви. Во однос на децата жртви, Директивата за правата на жртвите ги обврзува земјите членки да обезбедат најдобриот интерес на детето да биде од примарно внимание и да се оценува на поединечна основа. Мора да преовладува пристап што е соодветен за деца, земајќи ги предвид возраста, зрелоста, ставовите, потребите и загриженоста на детето (член 1 (2)).

Член 16 (4) од КПЛП конкретно ги повикува земјите членки „да ги преземат сите соодветни мерки за унапредување на физичкото, когнитивното и психолошкото закрепнување, рехабилитација и социјална реинтеграција на лицата со попреченост што се жртви на каква било форма на експлоатација, насилство или злоупотреба, вклучително и преку обезбедување услуги за заштита".

Во однос на инструментите за политика, планот на ЕУ за борба против расизмот 2020-2025 утврдува конкретни активности за справување со кривично дело од расистичка омраза и говор на омраза, додека стратешката рамка на ЕУ за Ромите 2020-2030 ги потенцира искуствата со кривично дело од омраза и говорот на омраза кај ромската популација. Во стратегијата на ЕУ за рамноправност на ЛГБТИК 2020-2025, осигурувањето безбедност на лезбијки, хомосексуалци, бисексуалци, транс, небинарни, интерсексуалци и квир лица, е една од четирите главни области што треба да се решат.

# КОНТЕКСТ НА НАСИЛСТВОТО – ФОКУСИРАЊЕ НА ИСКУСТВАТА НА ЖЕНИТЕ И НА МАЖИТЕ

**Жените доживуваат физичко насилство најчесто дома, додека мажите честопати доживуваат насилство на јавни места.**

## МИСЛЕЊЕ НА ФРА БРОЈ 2

Земјите членки на ЕУ треба – покрај мерките потребни за поттикнување и охрабрување на жртвите да пријавуваат случаи на кривично дело (види мислење 5) – да размислат за воведување посебни мерки за обезбедување насочена поддршка за жртвите на семејно насилство. Ова е потребно за да се обезбеди дека правата загарантирани со Директивата за правата на жртвите се ефикасни во практика за оние – најчесто жени – кои трпат насилство во домот, од членови на семејството или од роднини, и кои се мачат да добијат поддршка за да го прекинат циклусот на насилство и да имаат пристап до правда. Тоа може да вклучува обука и посебни упатства за професионалци што се во контакт со жртви (какви што се здравствени работници или наставници) за тоа како да откријат кривично дело што се случува во домот и како правилно да се справат со него. Во овој контекст, Европската комисија исто така се охрабрува да ги искористи експертизата и потенцијалот на новоформираната Платформа за правата на жртвите.

ЕУ и сите земји членки на ЕУ што сè уште не го сториле тоа, се охрабруваат да ја ратификуваат Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулската конвенција). Паралелно со ова, институциите на ЕУ и земјите членки се охрабруваат да користат податоци од Истражувањето за фундаменталните права и од претходното истражување на ФРА за насилството врз жените, при испитување празнини во постојните закони, заедно со начини за поефикасно решавање на родово базирано насилство преку спроведувањето на важечките закони и политики – во согласност со планот на Комисијата за акција утврден во стратегијата на ЕУ за правата на жртвите, како и во Стратегијата за родова еднаквост 2020-2025.

- ★ Инциденти со физичко насилство врз мажи (со исклучок на полово насилство) најчесто се случувале на јавни места (39%), какви што се улици, паркови или други јавни места. Инциденти со физичко насилство врз жени (повторно со исклучок на полово насилство) најчесто се случувале во нивниот дом (37%).
- ★ За мажите, овие инциденти најчесто вклучувале сторител што не го познавале (42%). Спротивно на тоа, физичкото насилство врз жените најчесто вклучувало член на семејството или роднина како сторител.

  Овие резултати од истражувањето треба да се читаат заедно со претходните наоди од истражувањето на ФРА за насилството врз жените, кое подетално ги оцени искуствата со насилство врз жените, вклучително и насилство од интимен партнер и полово насилство, кои најчесто ги засегаат жените.
- ★ Во повеќето случаи на физичко насилство, сторителот бил маж или група мажи. Ова е случај во 72% од инцидентите со физичко насилство врз мажи и 60% од оние врз жени.

На прашањето дали некое од физичките насилства вклучувало инциденти од полов карактер, повеќе жени (13%) отколку мажи (10%) одговориле со „да“. Тука е важно да се напомене дека, според податоците, жртвите на физичко насилство почесто претрпуваат разни психолошки последици и повреди кога овие инциденти вклучуваат акти од полов карактер. Генерално, 51% од мажите велат дека последниот инцидент со физичко насилство (неполово) не предизвикал никакви психолошки последици, во споредба со 30% од жените. Спротивно на тоа, 34% од жените велат дека претрпеле четири или повеќе видови психолошки последици како резултат на инцидент со физичко насилство, кој имал и елементи од полов карактер, во споредба со 9% од мажите.

Резултатите од истражувањето укажуваат на клучни разлики меѓу искуствата со насилство кај жените и мажите. Овие разлики имаат значајни последици врз влијанието по жртвите и врз пристапот на жртвите до правда. Кога насилството се случува на јавно место, најчесто во близина се наоѓаат други луѓе што можат да интервенираат или можат да бидат сведоци, додека тоа често не е случај кога насилството се случува во домот. Ова значи дека, во просек, жените и мажите се наоѓаат во различна положба како жртви на насилство во смисла на барање помош, пријавување инциденти во полиција или разгледување инциденти на суд.

Токму во овој контекст, стратегијата на ЕУ за правата на жртвите 2020-2025 посветува особено внимание на активностите потребни да се задоволат специфичните потреби на жртвите на родово насилство. Ги истакнува активностите насочени кон зајакнување на правата на оваа група жртви, вклучително и преку зајакнување на физичката заштита; воспоставување мрежа на ЕУ за спречување родово засновано насилство и семејно насилство; и обезбедување финансиски средства од ЕУ. Платформата за правата на жртвите ги обединува сите тела на ниво на ЕУ, релевантни за правата на жртвите. Преку неа, Комисијата исто така има за цел да овозможи постојана размена на најдобри практики и комбинирање идеи меѓу стратегијата на ЕУ за правата на жртвите и, на пример, Европската стратегија за родова еднаквост 2020-2025.

Признавајќи ја почестата улога на мажите како сторители на насилство и во согласност со член 84 од Договорот за функционирање на Европската Унија, за спречување на криминалот, ЕУ треба да ги поттикне и да ги поддржи дејствата на земјите членки во областа на спречување криминал. Целта на тие дејства е воведување мерки за едукација на момчињата и на младите мажи на начин што ќе им овозможи да ги решаваат конфликтите без насилство или навредливо однесување и да се однесуваат кон девојчињата и жените – како и кон другите момчиња и мажи – со почит, користејќи ги соодветните вредности на човековите права, вклучително и човечкото достоинство, еднаквост и недискриминација.

Земјите членки се охрабруваат во развивањето кривични санкции што имаат потенцијал да ги рехабилитираат машките сторители и да ги поддржат во нивниот развој како одговорни и почитувани лица. Тоа може да вклучува обука против насилство, која посветува должно внимание на родовите улоги и на стереотипите во врска со машката агресија. Оние земји членки што сѐ уште не го сториле тоа, се охрабруваат да размислат за воведување родово чувствителна обука за борба против насилството како кривична санкција, со цел да се намалат стапките на повторна виктимизација, во согласност со член 18 од Директивата за правата на жртвите.

**СЛИКА 3: ПОЛ НА СТОРИТЕЛИ НА НАСИЛСТВО, ИНЦИДЕНТИ ИСКУСЕНИ ОД ЖЕНИ И МАЖИ (ЕУ- 27, %)**




*Извор: ФРА, Истражување за фундаменталните права 2019; собирање податоци во соработка со CBS (NL), CTIE (LU) и Statistics Austria (AT)*

Забелешки:
Од испитаниците во ЕУ-27 кои во анкетата го опишаа последниот инцидент со насилство (n = 3.230; жени, n = 1.573, мажи, n = 1.657); пондерирани резултати.

Во согласност со членовите 8 и 9 од Директивата за правата на жртвите, жените што трпат насилство дома, од членови на семејството или од роднини, и кои поради тоа се мачат да добијат поддршка за да го прекинат циклусот на насилство и да добијат пристап до правда, мора да имаат пристап до специјализирани организации за поддршка со доволно вработени и финансии. Член 18, исто така, пропишува посебни мерки за заштита на овие жртви од ризици од секундарна виктимизација, повторна виктимизација, заплашување и одмазда.



Со оглед на тоа што резултатите од истражувањето го потенцираат родовиот карактер на насилството, бидејќи различно го доживуваат жените и мажите, наодите може да се читаат заедно со конкретни документи за човекови права, кои ја нагласуваат потребата за родово чувствително образование. На пример, член 10 од КЕФДЖ ги обврзува земјите членки да обезбедат во областа на образованието елиминирање секаков стереотипен концепт за улогите на мажите и на жените, а член 14 од Истанбулската конвенција ја нагласува важноста на образование што поттикнува еднаквост меѓу жените и мажите, нестереотипни родови улоги, меѓусебно почитување и ненасилно решавање конфликти во меѓучовечките односи.

Всушност, до денес, Истанбулската конвенција на Советот на Европа се истакнува како најсеопфатен меѓународен инструмент во врска со насилството врз жените. Во неа се утврдени мерки што се од клучно значење во борбата против насилство од партнерот, какви што се насочена казнено-правна заштита од насилство од партнерот, ефикасен систем на налози за заштита и специјализирани организации за поддршка достапни за сите жени жртви на своите насилни партнери или поранешни партнери. Во време на пишувањето на овој извештај, 21 земја членка на ЕУ ја ратификувале Истанбулската конвенција, а шест ја потпишале Конвенцијата, но сè уште не ја ратификувале.[1] ЕУ исто така ја потпиша конвенцијата, но допрва ќе ја ратификува.

Во согласност со стратегијата на ЕУ за правата на жртвите, земјите членки треба да воспостават национални стратегии за правата на жртвите, кои обезбедуваат координиран и хоризонтален пристап кон правата на жртвите, вклучително и преку вклучување на правата на жртвите во политики како што е образованието.

---

1 Со состојба од јануари 2021 година, следните земји членки на ЕУ ја ратификувале Истанбулската конвенција: Австрија, Белгија, Хрватска, Кипар, Данска, Естонија, Финска, Франција, Германија, Грција, Ирска, Италија, Луксембург, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Словенија, Шпанија и Шведска. Покрај тоа, од земјите опфатени во Истражувањето за фундаменталните права, и Северна Македонија ја има ратификувано конвенцијата. Следните земји членки на ЕУ ја потпишале конвенцијата, но допрва ќе ја ратификуваат: Бугарија, Чешка, Унгарија, Летонија, Литванија и Словачка. Обединетото Кралство, исто така, ја потпишало Конвенцијата, но сè уште не ја ратификувало.

# ИСКУСТВА СО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ

**Речиси 110 милиони луѓе во ЕУ претрпеле разни форми на вознемирување во годината пред анкетата.**

- Во ЕУ-27, две од пет лица (41%) претрпеле вознемирување – почнувајќи од навредливи и заканувачки коментари упатени лично, до навредливи и заканувачки гестови и пораки пратени преку Интернет, вклучително и преку социјалните медиуми – во петте години пред анкетата. Во 12-те месеци пред анкетата, 29% претрпеле вознемирување. Ова одговара на речиси 110 милиони луѓе во ЕУ-27 што претрпеле вознемирување во една година (процена заснована на резултатите од истражувањето во однос на популацијата на ЕУ).
- Искуствата со вознемирување се движат од 46% до 9%, во зависност од земјата (во 12-те месеци пред анкетата).
- Најчестата форма на вознемирување што ја искусиле луѓето во ЕУ, вклучува навредливи или заканувачки коментари упатени лично, искусени од 32% од луѓето во петте години пред анкетата.
- Општоземено, 14% од луѓето во ЕУ доживеале кибервознемирување во петте години пред анкетата. Ова може да вклучува примање навредливи или заканувачки е-пораки или СМС-пораки, или наоѓање навредливи или заканувачки коментари за себе објавени на Интернет.
- Три од пет лица (61%) во возрасната група од 16 до 29 години доживеале вознемирување во петте години пред анкетата. Главно, во истата возрасна група и временска рамка, 27% доживеале кибервознемирување. Ова се највисоките стапки во сите возрасни групи, а искуствата со вознемирување се намалуваат со возраста.
- Додека преваленцијата на вознемирување е слична кај жените и мажите, 18% од жените го опишале последниот инцидент со вознемирување како од полов карактер, во споредба со 6% од мажите.
- Иако просечната стапка на вознемирување е 41% (во период од пет години), се откриваат повисоки стапки кога податоците се разложени по специфични социодемографски групи (за истиот период): 57% за лица што се самоидентификуваат како лезбијки, хомосексуалци, бисексуалци или „други“; 54% за оние што немаат државјанство на земјата во која живеат; 51% за оние родени во друга земја членка на ЕУ; 49% за оние родени надвор од ЕУ; и 50% за лица со попреченост (оние со ограничена деловна способност поради здравствен проблем или попреченост).

## МИСЛЕЊЕ НА ФРА БРОЈ 3

Со оглед на широко распространетиот карактер на вознемирувањето, ЕУ треба да размисли за преиспитување на постојните законодавни и политички реакции во врска со вознемирувањето, вклучително и сексуалното вознемирување, како и сите можни места каде што се случува вознемирување (вклучително и на Интернет), опфаќајќи вознемирување надвор од работното место и образовниот домен.

Со оглед на сè поголемото влијание на вознемирувањето – особено кибервознемирувањето – врз младите, земјите членки на ЕУ треба да обезбедат тие жртви да имаат пристап до едноставни и ефикасни методи за пријавување инциденти и да се водат истраги за нив. ЕУ може да ги поддржи земјите членки во овој поглед помагајќи им да обезбедат, на пример, преку идниот закон за дигитални услуги, пропишани усогласени правила за справување со нелегална содржина на Интернет – вклучително и поттикнување насилство, омраза и дискриминација.

Со оглед на доказите презентирани во овој и во неколку други извештаи на ФРА за влијанието на вознемирувањето мотивирано од омраза врз различни групи во општеството, земјите членки на ЕУ треба да обезбедат целосна примена на заштитата гарантирана со Директивата на ЕУ за правата на жртвите, која еднакво ги третира сите жртви на кривично дело од омраза, без оглед на атрибутот на кој се повикуваат сторителите. Ова би било во согласност со принципот на недискриминација, според кој кривично-правните мерки треба да ги опфаќаат еднакво сите основи на дискриминација опфатени со член 21 од Повелбата на Европската Унија за фундаменталните права. Исто така, тоа би било во согласност со плановите на Комисијата да предложи проширување на списокот на „ЕУ кривични дела“ за да се опфатат сите форми на кривични дела од омраза и говор на омраза.

- ★ Вознемирувањето што не вклучува акти од полов карактер честопати се врши од некој што жртвата не го познава (52% од инцидентите што ги доживеале жените и 59% од инцидентите што ги доживеале мажите). Сепак, кај жените има поголема веројатност од мажите да доживеат вознемирување што вклучува акти од полов карактер од претходно непознати сторители: 72% од инцидентите со вознемирување од полов карактер врз жени биле извршени од непознати лица, во споредба со 40% од инцидентите врз мажи. Понатаму, 57% од жените велат дека вознемирувањето што вклучувало акти од полов карактер се одвивало во јавност – на улица, во парк или на друго јавно место – во споредба со 30% од инцидентите од полов карактер што ги доживеале мажите.
- ★ Во инциденти со вознемирување што не вклучувале акти од полов карактер, 77% од мажите и 58% од жените велат дека сторителот бил маж (или група мажи).

Забелешки:
Од сите испитаници во ЕУ-27, Обединетото Кралство и Северна Македонија (n = 34.948); пондерирани резултати.

**СЛИКА 4: ИСКУСТВА СО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ, ВО ПЕТТЕ ГОДИНИ И ВО 12-ТЕ МЕСЕЦИ ПРЕД АНКЕТАТА, ПО ЗЕМЈИ (%)**




*Извор: ФРА, Истражување за фундаменталните права 2019; собирање податоци во соработка со CBS (NL), CTIE (LU) и Statistics Austria (AT)*

Анкетата покажува дека голем број луѓе во ЕУ се изложени на разни форми на вознемирување, но има забележителни разлики кога општата популација ќе се разложи по конкретни групи.

Имено, кај младите луѓе има многу повисока стапка на искуства со вознемирување отколку кај постарите луѓе, вклучително и инциденти со кибервознемирување. ЕУ веќе презеде една мерка во врска со ова: измената и дополнувањето на Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги од 2018 година предвидува подобра заштита на моралниот развој на малолетниците. Покрај тоа, Европската комисија ја објави својата намера да предложи пакет Закон за дигитални услуги, за модернизирање на правната рамка утврдена во Директивата за е-трговија (Директива 2000/31/ЕЗ). Меѓу другите прашања, пакет Законот за дигитални услуги вклучува правила за справување со нелегална содржина на Интернет (на пример, незаконско поттикнување насилство, омраза или дискриминација на која било заштитена основа, како што е раса, етничка припадност, пол или сексуална ориентација). Во својата резолуција за Стратегијата на ЕУ за млади 2019-2027, Советот на ЕУ ја забележува потребата младите да имаат можност да ги препознаваат и да ги пријавуваат говорот на омраза и дискриминацијата и онлајн и офлајн.[2]



Од друга страна, луѓето со сериозен здравствен проблем или со попреченост, оние родени надвор од земјата или со потекло од етничко малцинство и ЛГБТИ лицата, сите тие доживуваат вознемирување со повисоки стапки од просекот. Најверојатно, ова делумно може да се должи на изложеноста на овие групи на вознемирување мотивирано од омраза. Во врска со ова, Рамковната одлука за расизам и ксенофобија од 2008 година делумно ја препознава потребата од заштита на групи лица или член на таква група – дефинирани според раса, боја, религија, потекло или национално или етничко потекло – од поттикнување насилство и омраза. Сепак, другите групи што се изложени на високи нивоа на вознемирување, според податоците од истражувањето, какви што се лица со сериозен здравствен проблем или со попреченост и ЛГБТИ лицата, немаат исто ниво на заштита преку законодавството на ЕУ од можни кривични дела мотивирани од омраза. Спомнувањето жртви на „кривично дело извршено со предрасуда или дискриминаторски мотив" (член 22 (3)) во Директивата за правата на жртвите, помага во справувањето со оваа реалност, бидејќи ги става на еднакво рамниште сите жртви на кривично дело од омраза, без оглед на атрибутот на кој се повикуваат сторителите.

Годишната програма за работа на Комисијата за 2021 година објави понатамошен развој на законодавството на ниво на ЕУ во оваа област. Тоа се однесува на нова иницијатива за проширување на списокот на „ЕУ кривични дела" на сите форми на кривични дела од омраза и говор на омраза, без оглед дали е поради раса, религија, пол, сексуалност или други основи.

Вознемирувањето е родово. Податоците покажуваат дека жените најчесто трпат вознемирување од полов карактер од непознати лица, тие инциденти убедливо најмногу ги извршуваат мажи и често се случуваат на јавни места. Тековниот опсег на законот на ЕУ за родова еднаквост го ограничува признавањето вознемирување – и неговиот родов карактер – во областите на пазарот на трудот и снабдувањето со стоки и услуги.[3] Во своето образложение 17, Директивата за правата на жртвите го признава сексуалното вознемирување како вид родово базирано насилство – односно, форма на дискриминација и кршење на основните слободи на жртвата – и соодветно им обезбедува заштита на жртвите на сексуално вознемирување.

2 Совет на Европската Унија (2018), **Резолуција на Советот на Европската Унија и претставниците на владите на земјите членки на состанокот во рамките на Советот за рамка за европска соработка во областа на младите:Стратегија на Европската Унија за млади 2019-2027 (2018/C 456/01) , OJ C 456**.

3 **Директива 2006/54/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 5 јули 2006 година за спроведување на принципот на еднакви можности и еднаков третман на мажите и жените при вработување и занимања (пречистен текст); Директива 2004/113/ЕЗ на Советот од 13 декември 2004 година за спроведување на принципот на еднаков третман меѓу мажите и жените во пристапот и снабдувањето со стоки и услуги; Директива 2010/41/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 7 јули 2010 година за примена на принципот на еднаков третман меѓу мажи и жени кои вршат дејности во својство на самовработени и за укинување на Директивата на Советот 86/613/ЕЕЗ**.

# ИСКУСТВА СО ОДРЕДЕНИ ИМОТНИ ДЕЛИКТИ И ИЗМАМА

**Едно од шест лица (16%) во ЕУ доживеало измама на потрошувачи во годината пред анкетата.**

## МИСЛЕЊЕ НА ФРА БРОЈ 4

ЕУ и земјите членки треба континуирано да внимаваат на имотните деликти, вклучително и на прекуграничниот криминал, користејќи разни воспоставени мрежи на ниво на ЕУ, вклучувајќи ја и мрежата на ЕУ за спречување криминал. Во овој контекст, тие исто така треба да размислат за спроведување кампањи за подигнување на свеста и да развијат алатки за спречување имотни деликти, вклучително и кражби, заедно со измама со онлајн банкарски сметки или платежни картички.

Земјите членки треба да обезбедат ефикасно спроведување во практика на постојното законодавство на ЕУ во оваа област, вклучително и за борба против измама, како и на законите за потрошувачи. Резултатите од истражувањето може да се користат за насочување на нивните напори. На пример, земјите членки на ЕУ би можеле да размислат за формирање или засилување на постојните специјалистички тимови за спроведување ефикасни истраги во случаи на измама преку Интернет, обезбедувајќи услови за жртвите на кривични дела извршени преку Интернет да можат лесно да пријавуваат инциденти. Тие исто така треба да разгледаат активности за усогласување на заштитата на потрошувачите со денешната реалност, особено леснотијата на вршење прекугранични и онлајн трансакции, во врска со (онлајн) измама на потрошувачи, во согласност со Новата агенда за потрошувачите 2020-2025.

Националните надлежни органи одговорни за спроведување и следење на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост треба особено да ги имаат предвид повисоките стапки на кражби, измама со онлајн банкарски сметки или платежни картички и измама на потрошувачи кај луѓе со ограничена деловна способност (поради здравствен проблем или попреченост), за решавање на проблемите на некои од најранливите во општеството.

*Кражба*

- Општоземено, 8% од луѓето во ЕУ-27 претрпеле кражба во својот дом или на друг имот во петте години пред анкетата. Во меѓувреме, 3% претрпеле кражба во 12-те месеци пред анкетата.
- Во зависност од земјата, искуствата со кражби (во петте години пред анкетата) се движат од 14% до 2%.
- Одредени луѓе во општеството искусуваат повисоки стапки на кражба од другите. Во нив спаѓаат лица со ограничена деловна способност (поради здравствен проблем или попреченост) и луѓе што се самоидентификуваат како припадници на етничко малцинство. Разликите во полот, возраста, образованието, урбан/рурален статус и способноста да врзат крај со крај, не се поврзани со разликите во стапките на искуства со кражби во петте години пред анкетата.

*Измама*

- Во ЕУ-27, 8% од луѓето доживеале измама со онлајн банкарски сметки или со платежни картички (односно, вклучување кредитна или дебитна картичка) во петте години пред анкетата. Во меѓувреме, 3% доживеале измама со онлајн банкарски сметки или платежни картички во 12-те месеци пред анкетата.
- Искуствата со измама со онлајн банкарски сметки или платежни картички се движат од 19% до 1%, во зависност од земјата. Тоа може делумно да се објасни со стапките на онлајн трансакции во одделни земји членки.
- Стапката на искуства со измама со онлајн банкарски сметки или платежни картички не се разликува значително во однос на повеќето испитани социодемографски карактеристики. Сепак, 14% од луѓето со ограничена деловна способност (поради здравствен проблем или попреченост) доживеале измама со онлајн банкарски сметки или со платежни картички во петте години пред анкетата, во споредба со 6% од луѓето што немаат таква ограниченост.
- Едно од четири лица (26%) во ЕУ-27 доживеало измама на потрошувачи во петте години пред анкетата. Тоа опфаќа измами или заблуди во однос на квантитетот, квалитетот, цените или испораката на купени стоки, предмети или услуги. Во 12-те месеци пред анкетата, 16% доживеале измама на потрошувачи.
- Искуствата со измама на потрошувачи (во петте години пред анкетата) се движат од 46% до 8%, во зависност од земјата.
- Меѓу испитаните социодемографски групи, младите и оние со високо ниво на образование искусуваат поголеми стапки на измама на потрошувачи отколку постарите возрасни групи и оние со пониско ниво на образование. Тоа може да ја рефлектира изложеноста на

ризик – 81% од 16 до 29-годишните корисници на Интернет купуваат онлајн, во споредба со 56% од корисниците на Интернет во ЕУ-27 на возраст од 65 години и повеќе – заедно со поголема свесност за проблемот со измама.

- Луѓето со ограничена деловна способност (поради здравствен проблем или попреченост) доживуваат повисоки стапки на измама на потрошувачи (36% во петте години пред анкетата) отколку оние што немаат таква ограниченост (23%). Повисоките стапки се поврзани и со припадност на етничко малцинство (37%) и самоидентификување како лезбијка, геј, бисексуалец или „друг“ (нехетеросексуалец) (35%).
- Опишувајќи го последниот инцидент со измама на потрошувачи, две од пет лица (41%) што купувале стоки или услуги онлајн, по телефон или по пошта, велат дека ги нарачале стоките или услугите од странство. Во некои земји членки на ЕУ, стапката на прекугранични купувања е многу поголема: 94% во Луксембург и 87% во Малта.

**Забелешки:**
Од сите испитаници во ЕУ-27, Обединетото Кралство и Северна Македонија (n = 34.948); пондерирани резултати.

**СЛИКА 5: ИСКУСТВА СО ИЗМАМА НА ПОТРОШУВАЧИ, ВО ПЕТТЕ ГОДИНИ И ВО 12-ТЕ МЕСЕЦИ ПРЕД АНКЕТАТА, ПО ЗЕМЈИ (%)**




*Извор: ФРА, Истражување за фундаменталните права 2019; собирање податоци во соработка со CBS (NL), CTIE (LU) и Statistics Austria (AT)*

Како резултат на претрпена кражба во нечиј дом или на друг имот, жртвите може да се чувствуваат небезбедно и да се плашат дека може да се повтори. Ова кривично дело има и економско влијание – загуба на имот и штета во домот – што луѓето треба да го решат на разни начини, во зависност од нивните финансиски средства и осигурителното покритие. Кражбата се меша со правото на сопственост (член 17 од Повелбата), почитувањето на приватниот и на семејниот живот (член 7) и правото на човечко достоинство (член 1). Затоа, жртвите имаат право на реакција од системот на кривична правда во врска со нивната виктимизација, што служи како ефикасен лек во согласност со член 47 од Повелбата и Директивата за правата на жртвите.

Сличен процент на луѓе во ЕУ искусуваат злоупотреба на нивната онлајн банкарска сметка или платежни картички. Тоа укажува на еднаквата важност на онлајн измамата во искуствата со виктимизација. Резултатите од истражувањето во врска со измама со онлајн банкарски сметки или платежни картички се релевантни за земјите членки на ЕУ, додека ги спроведуваат мерките од Директивата за борба против измама и фалсификување безготовински платежни средства (Директива (ЕУ) 2019/713), а кои земјите членки се должни да ги вклучат во националното законодавство до 31 мај 2021 година. Повисоките стапки на измама со онлајн банкарски сметки или платежни картички кај луѓе со ограничена деловна способност (поради здравствен проблем или попреченост) предизвикуваат загриженост поради експлоатација на некои од најранливите во општеството. Ова прашање се однесува на член 16 („Слобода од експлоатација, насилство и злоупотреба“) од КПЛП.

Член 38 од Повелбата и релевантното споредно законодавство на ЕУ (како што е Директивата за нечесна деловна практика на правните лица кон потрошувачите на внатрешниот пазар) предвидува општо високо ниво на заштита на потрошувачите. Како и да е, едно од четири лица (26%) во ЕУ-27 доживеало измама на потрошувачи во петте години пред анкетата – односно, се чувствува измамено или заведено во однос на квантитетот, квалитетот, цените или испораката на купените стоки, предмети или услуги. Тоа не вклучува секогаш криминална активност, но крајниот резултат е клиент што смета дека не се исполнети неговите очекувања во врска со производот или услугата за која платил. Кога тоа вклучува криминални активности, Директивата за правата на жртвите предвидува правата на жртвите на измама на потрошувачи да добијат соодветна заштита, поддршка и пристап до правдата како и другите жртви на кривични дела.

Забележително, резултатите, исто така, укажуваат на голем обем на прекугранични трансакции, кога стоките или услугите се купуваат онлајн, по телефон или по пошта. Ова ја нагласува потребата од мерки за заштита на потрошувачите што ефикасно функционираат во овие случаи. Како и кај измамата со онлајн банкарски сметки или платежни картички, оние што се со ограничена деловна способност (поради здравствен проблем или попреченост) имаат повисока стапка на искуства со измама на потрошувачи и затоа им е потребна посебна заштита и поддршка за пристап до правдата во согласност со КПЛП.

Потребата од зајакнување на заштитата на правата на потрошувачите, вклучително преку нивно охрабрување, како и поефикасно спроведување, е меѓу клучните прашања за кои ЕУ во моментов дискутира во контекст на Новата агенда на Комисијата за потрошувачите 2020-2025.



# ПРИЈАВУВАЊЕ СЛУЧАИ НА КРИВИЧНО ДЕЛО ВО ПОЛИЦИЈА И НА ДРУГИ НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ

**Повеќето инциденти со физичко насилство и вознемирување не се пријавуваат во полиција.**

- Опишувајќи го последниот случај на кривично дело доживеан во петте години пред анкетата, 30% од луѓето во ЕУ-27 пријавиле физичко насилство во полиција, а 11% пријавиле инцидент со вознемирување.
- Стапките на пријавување физичко насилство во полиција се движат од 40% до 9%, во зависност од земјата, во поглед на последниот инцидент во петте години пред анкетата. Ова делумно може да одразува релативни нивоа на доверба во способноста или во подготвеноста на полицијата да гони кривично дело. Стапките на пријавување вознемирување кај кој било надлежен орган (вклучително и полицијата) се движат од 31% до 5%, во зависност од земјата, во поглед на последниот инцидент во петте години пред анкетата.
- Покрај пријавување инциденти со физичко насилство во полиција, 17% од жртвите биле во контакт со медицински служби како резултат на инцидент, а 6% контактирале специјализирана организација за поддршка на жртви.
- Стапките на известување варираат во зависност од социодемографските карактеристики на луѓето. Луѓето што лесно или многу лесно врзуваат крај со крај со својот приход во домаќинството, студенти и луѓе што живеат во рурални области, имаат поголема веројатност да остават непријавен случај на насилство што го претрпеле, отколку другите. Спротивно на тоа, луѓето што имаат ограничена деловна способност (поради здравствен проблем или попреченост), луѓето што припаѓаат на етничко малцинство и оние што се самоидентификуваат како лезбијки, геј, бисексуалци или „други“, пријавуваат инциденти во полиција полесно отколку оние што не се сметаат себеси за припадници на овие групи. Ова може да одразува нивоа на кривични дела поврзани со омраза, што ги доживеале овие конкретни групи.
- Елементите на физичко насилство што може да укажуваат на потешки инциденти, се поврзани со повисоки стапки на пријавување. Конкретно, од насилните инциденти од полов карактер, 60%

## МИСЛЕЊЕ НА ФРА БРОЈ 5

Земјите членки на ЕУ треба да размислат за воведување посебни мерки за поттикнување и охрабрување на луѓето да пријавуваат случаи на кривично дело – особено случаи на насилство и вознемирување, бидејќи стапката на пријавување на овие кривични дела е пониска отколку за некои други кривични дела. Ова е важен услов за обезбедување ефикасен пристап до правдата, бидејќи на овој начин жртвите на кривични дела можат да бидат информирани за своите права и за поддршката што им е достапна. Мерките за поттикнување на луѓето да пријавуваат кривични дела треба да ги земат предвид резултатите од истражувањето за причините за непријавување и за пониските стапки на задоволство кај лицата што не се жители на ЕУ, кога пријавуваат случаи на вознемирување.

При воведувањето такви мерки, земјите членки на ЕУ треба да имаат предвид дека односот помеѓу сторителот и жртвата влијае врз веројатноста за пријавување кривични дела во полиција, какви што се инцидентите со семејно насилство или насилство од интимен партнер. Како што е наведено во мислењето број 2, треба да се вложат максимални напори да се охрабри и да се олесни пријавувањето на такви кривични дела и да им се дозволи на жртвите да го прекинат циклусот на повторна виктимизација. Во овој контекст, земјите членки исто така треба да ги разгледаат можностите да обезбедат помош и совет за правата на оние жртви на кривично дело што по инцидентот контактираат со други институции различни од полицијата, какви што се даватели на медицински услуги.

При евидентирањето случаи на кривично дело и известувањето за состојбата во земјата, земјите членки на ЕУ може да користат механизми за известување од трети лица за да опфатат повеќе инциденти. Некои од тие инциденти, во спротивно, не би биле забележани од полицијата, какви што се инциденти што жртвите – од некаква причина – не ги доживуваат како „сериозни“ за да повикаат полиција.

биле пријавени во полиција, во споредба со 27% од инцидентите што не биле од полов карактер. Пријавувањето е пониско од просекот кога сторителот бил член на семејството или роднина (само 22% од инцидентите биле пријавени во полиција). Тоа има значителни импликации за слабото пријавување семејно насилство и/или насилство од интимен партнер.

- ★ Три од пет лица (62%) што пријавиле вознемирување во полиција биле задоволни од начинот на кој полицијата се справила со инцидентот, како и 63% од оние што го пријавиле во полиција последниот инцидент со физичко насилство. Сепак, само 42% од жртвите на вознемирување, кои не биле жители на земјата каде што живеат, биле задоволни од начинот на кој полицијата се справила со инцидентот кога го пријавиле, во споредба со 63% од жителите на земјата.
- ★ Кога луѓето не пријавиле случаи на насилство и на вознемирување во полиција, како најчеста причина што ја спомнуваат е што тие не го сметале инцидентот за доволно сериозен за да се обидат да го пријават. Меѓу причините за непријавување физичко насилство во полиција кога жртвата била повредена е што едно од четири лица (23%) сметале дека полицијата нема да стори ништо, а 14% спомнуваат дека не ѝ верувале на полицијата.
- ★ Имотните деликти се пријавуваат – во полиција или други надлежни органи – со повисока стапка одошто насилство или вознемирување. Во ЕУ-27, 73% од кражбите биле пријавени во полиција, додека 95% од измамите со онлајн банкарски сметки или платежни картички биле пријавени (во полиција или на други надлежни органи). Генерално, пријавени се 50% од случаите на измама на потрошувачи во ЕУ-27 – но во повеќето случаи кај други надлежни органи различни од полицијата.

**СЛИКА 6: ПРИЧИНИ ЗА НЕПРИЈАВУВАЊЕ НАСИЛСТВО ВО ПОЛИЦИЈА (ЕУ-27, %)** [а, б]




*Извор: ФРА, Истражување за фундаменталните права 2019; собирање податоци во соработка со CBS (NL), CTIE (LU) и Statistics Austria (AT)*

Забелешки:

а Од испитаниците во ЕУ-27 не го пријавиле во полиција последниот случај на насилство претрпено во петте години пред анкетата (n = 2.317); пондерирани резултати.

б Во анкетата, испитаниците можеа да наведат една или повеќе причини за непријавување на инцидентот, како што е соодветно во нивниот случај. Испитаниците можеа да одговорат „не знам“ или „претпочитам да не кажам“.



Повеќето случаи на насилство и вознемирување не се пријавени кај надлежните органи, додека поголемиот дел од имотните деликти за кои се прашуваше во анкетата се пријавени во полиција, а некои од случаите што не се пријавени во полиција, пријавени се на други надлежни органи. Стапките на пријавување имотни деликти се обично високи затоа што пријавувањето е предуслов за добивање обесштетување за инцидентот, на пример од полиса за осигурување. Овие резултати покажуваат дека луѓето се подготвени да пријават кривично дело во полиција доколку тоа го сметаат за ефикасно – односно доколку има конкретен, корисен исход.

Случаи на физичко насилство биле почесто пријавувани доколку инцидентот довел до повреди, имал психолошки последици или бил од полов карактер.

Споредбите меѓу видовите кривични дела – какви што се насилно кривично дело и имотни деликти – треба да се прават со најголема претпазливост. Меѓутоа, резултатите покажуваат дека за одредени видови, многу инциденти се пријавени кај други надлежни органи различни од полицијата. Тоа може да поттикне усвојување алтернативни можности за пријавување одредени инциденти. Истражувањето на ФРА за насилството врз жените ги поткрепува наодите изнесени овде, бидејќи покажува дека многу жени што се жртви на физичко и на полово насилство контактираат со лекари и со здравствени служби, наместо со полицијата. Резултатите од истражувањето на ФРА за искуствата на имигрантите и на потомците на имигрантите, Ромите, Евреите и ЛГБТИ лицата исто така покажуваат дека многу жртви на вознемирување и насилство мотивирано од омраза, по инцидентот контактираат со разни даватели на услуги, а инцидентот не го пријавуваат во полиција.

Жртвите имаат право на ефикасен правен лек преку системот на кривична правда. За да го остварат ова право, тие мора да имаат пристап до системот на кривична правда (член 47 од Повелбата), и тој пристап треба да биде не само теоретски, туку и ефикасен во практика. Тоа бара практично олеснување на пријавувањето кривично дело од страна на жртвите во полиција, преку охрабрување и поттикнување на жртвите, во согласност со општата цел во член 1 од Директивата за правата на жртвите и со нејзиното образложение 63, кое повикува на сигурни услуги за поддршка. Тие треба да бидат достапни на жртвите независно од тоа што жртвата поднесува официјална пријава за кривично дело до надлежен орган (член 8 (5)). Покрај тоа, во директивата се вели дека жртвите треба да добиваат пристоен, полн со разбирање, професионален и недискриминаторски одговор од надлежните органи; треба да има обука за службени лица што најверојатно ќе ги примаат пријавите, што може да го олесни пријавувањето; а се поттикнуваат и механизми за пријавување од трети лица, како и употребата на комуникациска технологија за поднесување пријави.

И покрај мерките во Директивата за правата на жртвите, слаботo пријавување кривични дела е главно сериозен проблем, особено во врска со случаи на полово и родово засновано насилство, забележува стратегијата на ЕУ за правата на жртвите (2020-2025). Стратегијата, исто така, се осврнува и на слаботo пријавување од жртвите на кривично дело што припаѓаат на загрозени или на ранливи заедници или малцинства, кои можеби имаат мала доверба во јавните власти, што ги спречува да пријават кривично дело. Во овој контекст, стратегијата за правата на жртвите ги повикува земјите членки „да обезбедат целосно и правилно спроведување на Директивата за правата на жртвите и другите правила на ЕУ за жртви на одредени кривични дела, особено во врска со одредбите за пристап на жртвите до информации, поддршка и заштита“.

# ЗАБЕЛЕЖУВАЊЕ КРИВИЧНО ДЕЛО И ПРЕЗЕМАЊЕ ДЕЈСТВО

**Повеќе од едно од две лица во ЕУ би било подготвено да интервенира во случај да забележи кривично дело. Сепак, секој петти не би бил воопшто подготвен да се инволвира.**

## МИСЛЕЊЕ НА ФРА БРОЈ 6

Земјите членки на ЕУ би можеле да размислат за зајакнување на напорите за подигнување на свеста со цел истакнување на индивидуалната одговорност кога ќе се забележи кривично дело, што може да ги зголеми стапките на пријавување на надлежните органи.

Земјите членки се поттикнуваат да организираат кампањи за зајакнување на подготвеноста на сведоците да интервенираат во одбрана на достоинството и правата на другите кога тие се во опасност, истовремено гарантирајќи ја безбедноста на сведоците.

За понатамошно олеснување на пристапот на жртвите до правдата, земјите членки би можеле да размислат за воспоставување ефикасни механизми за пријавување од трети лица, кои би ги поттикнале сведоците на кривично дело што не се подготвени да се вклучат во системот на кривична правда – со повикување полиција – да контактираат со трети лица, какви што се граѓанските организации. Земјите членки исто така може да размислат за зајакнување на пристапот до алтернативни начини за лично пријавување кривично дело, како што е преку е-пошта, видеозаписи или онлајн електронски форми.

- ★ Доколку видат како некој го удира својот партнер на улица, 54% од луѓето во ЕУ-27 би биле „подготвени“ или „многу подготвени“ да интервенираат. Резултатите се слични кога луѓето се прашани како би реагирале ако некој родител му удри шлаканица на своето дете на улица, со 52% „подготвени“ или „многу подготвени“ да интервенираат.
- ★ Во случај на забележување ненасилно кривично дело против животната средина – некој фрла стар фрижидер на село – 57% би биле „подготвени“ или „многу подготвени“ да интервенираат.
- ★ Главно, кај луѓето постои најголема веројатност дека ќе повикаат полиција доколку забележат лице како го удира својот партнер, па потоа доколку видат фрлање стар фрижидер. Во просек, луѓето во ЕУ-27 не би биле особено подготвени да ја инволвираат полицијата доколку видат родител што му удира шлаканица на своето дете.
- ★ Процентот на луѓе „кои воопшто не се подготвени“ да сведочат на суд, дури и кога тоа се бара од нив, се движи од 17% во случај да забележат лице како го удира својот партнер, до 25% во примерот на родител што му удира шлаканица на своето дете. Сепак, овие резултати значително се разликуваат меѓу земјите членки на ЕУ, а особено во поглед на родител што го удира своето дете со шлаканица.
- ★ Подготвеноста на луѓето да се вклучат во системот на кривична правда – како што е јавување во полиција и, ако биде побарано од нив, сведочење на суд – е помала кај постарите луѓе, кај оние со пониско ниво на образование и кај луѓето што се мачат да врзат крај со крај.
- ★ Луѓето се помалку подготвени да интервенираат кога жена ќе удри маж (44% во ЕУ-27 се „подготвени“ или „многу подготвени“) отколку кога маж ќе удри жена (64% се „подготвени“ или „многу подготвени“).

Социјалната кохезија вклучува чувство на соработка и солидарност на поединците, вклучително и нивна подготвеност да интервенираат кога се повредени правата на другите. Секој нормативен поредок се базира на подготвеноста на членовите на заедницата да ги бранат нејзините основни норми. Резултатите од истражувањето покажуваат дека нешто повеќе од половина од луѓето во ЕУ би биле подготвени активно да интервенираат доколку забележат како физички се напаѓаат луѓе во јавност, додека повеќе од тоа би биле подготвени да интервенираат доколку забележат „неперсонално“ кривично дело против животната средина.

**СЛИКА 7: ПОДГОТВЕНОСТ ДА СЕ ПРЕЗЕМЕ ДЕЈСТВО ВО СЛУЧАЈ НА ЗАБЕЛЕЖУВАЊЕ ОДРЕДЕНИ КРИВИЧНИ ДЕЛА, СПОРЕД СЦЕНАРИО И ВИД ДЕЈСТВО (ЕУ-27, %)**




Забелешки:

Од сите испитаници во ЕУ-27 од кои е побарано да го пополнат делот „Свесност за правата и одговорности“ од анкетата (n = 24.354); пондерирани резултати.

*Извор: ФРА, Истражување за фундаменталните права 2019; собирање податоци во соработка со CBS (NL), CTIE (LU) и Statistics Austria (AT)*

Кога кривичното дело се случува во јавност, луѓето што се негови сведоци може да имаат клучна улога во поддршка на жртвата. Тоа може да вклучува, на пример, интервенирање на луѓето во ситуацијата кога ќе видат дека се случува кривично дело, повикување полиција или, доколку е потребно, сведочење на суд против сторителот. За некои кривични дела – како што е примерот со кривични дела против животната средина, кој беше користен во анкетата – честопати нема „жртва“, но случајните минувачи можат да играат важна улога во известување на надлежните органи. Во однос на другите видови кривични дела, какви што се оние што вклучуваат особено ранлива група жртви, имено деца, клучната улога на јавноста може да се види во контекст на потребата од ефикасни заштитни мерки за заштита на децата од сите форми на насилство – што вклучува употреба на физичка сила наменета да предизвика одреден степен на болка или непријатност, сепак лесна, на пример шлаканица – додека за нив се грижат родителите и други, во согласност со КПД.

Во своето образложение 63, Директивата за правата на жртвите потпомага во признавање на значењето на можноста за индиректно пријавување: таа повикува на воспоставување механизам за пријавување од трети лица, вклучително и од граѓански организации, за да се олесни пријавувањето кривични дела. Во овој контекст, таа исто така повикува на воведување можност за користење комуникациска технологија, како што е е-пошта, видеозаписи или онлајн електронски форми, за поднесување пријави.

# ЗАГРИЖЕНОСТ ВО ВРСКА СО КРИВИЧНИ ДЕЛА И ИЗБЕГНУВАЊЕ РИЗИК

**Жените, повеќе од мажите, избегнуваат места и ситуации поради загриженост дека ќе бидат нападнати или малтретирани. Ова ги намалува нивните можности да учествуваат во јавниот живот.**

## МИСЛЕЊЕ НА ФРА БРОЈ 7

Земјите членки на ЕУ треба да имаат предвид дека загриженоста во врска со личната безбедност има негативно влијание, особено врз жените. Тие честопати чувствуваат потреба да ограничат каде се движат и што прават како реакција на опасноста од физички и полов напад и вознемирување, како што беше прикажано претходно од ФРА во нејзиниот извештај од истражувањето за насилството врз жените. Надлежните органи што работат на превенција на криминал можат понатаму да се осврнат на резултатите од тековното истражување, да донесат мерки што обезбедуваат еднаков пристап до јавниот простор, какви што се методи за спречување криминал и намалување на стравот од криминал преку просторното планирање.

Мерките на земјите членки на ЕУ за подобрување на чувството на безбедност на луѓето треба да се фокусираат на групи во популацијата што во најголема мера се чувствуваат загрижени за својата безбедност, поради што избегнуваат места и ситуации перципирани како потенцијално небезбедни. Покрај жените, тука спаѓаат луѓе со пониско ниво на образование, оние што се невработени и луѓе што се мачат да врзат крај со крај.

- Во ЕУ-27, 63% од луѓето се многу или донекаде загрижени дека некој ќе ја злоупотреби нивната онлајн банкарска сметка или кредитните/дебитните картички во следните 12 месеци. Во меѓувреме, 62% се загрижени дека ќе им бидат украдени мобилниот телефон, паричникот или чантата во следните 12 месеци. Понатаму, 54% се многу или донекаде загрижени дали некој ќе им го обие домот за да украде нешто или да се обиде да украде нешто. Покрај тоа, 47% се многу или донекаде загрижени дека ќе претрпат терористички напад.
- Одредени социодемографски карактеристики се поврзани со разликите во тоа колку луѓето се загрижени дека ќе претрпат кривично дело. Стапката на загриженост во врска со кривично дело е поголема кај жените, луѓето со помалку образование, невработените и оние што се мачат да врзат крај со крај со приходот во своето домаќинство. Луѓето со ограничена деловна способност (поради здравствен проблем или попреченост), луѓето што се родени надвор од ЕУ и оние што се сметаат себеси за дел од етничко малцинство, исто така, покажуваат поголема загриженост дека ќе претрпат кривично дело отколку луѓето што немаат ограничена деловна способност, родените во земјите во кои се спроведува истражувањето и оние што не се сметаат себеси за дел од етничко малцинство.
- Поради страв од физички или полов напад или вознемирување, жените повеќе се вклучуваат во активно избегнување на ризикот отколку мажите во трите ситуации наведени во анкетата: избегнување места каде што нема други луѓе, избегнување одредени улици или области и избегнување да бидат сами со некој што го познаваат.
- Додека 64% од жените барем понекогаш избегнуваат да одат на места каде што нема други луѓе наоколу, 36% од мажите го прават тоа. Избегнувањето одредени ситуации и места е исто така почесто кај младите, но со забележителни родови разлики. Во возрасната група 16-29 години, 83% од жените и 58% од мажите избегнуваат една или повеќе од трите ситуации наведени во анкетата, поради страв од напад или вознемирување.
- Поточно, 41% од жените барем понекогаш избегнуваат да бидат сами со некој што го познаваат, од страв од напад или вознемирување, во споредба со 25% од мажите.
- Кај луѓето што доживеале физичко насилство и/или вознемирување, постои поголема веројатност да избегнуваат ситуации што ги сметаат за потенцијално небезбедни. На пример, 37% од жените во ЕУ-27 што доживеале физичко насилство и/или вознемирување, се трудат да избегнуваат ситуации за кои сметаат дека носат ризик од физички или полов напад или вознемирување, во споредба со 21% од жените што не доживеале физичко насилство и/или вознемирување.

Можноста да се доживее кривично дело има значително влијание врз социјалниот живот, бидејќи може да влијае врз изборот на луѓето, како што се одлуки за области или за ситуации што треба да се избегнуваат. Во некои случаи, опасноста што ја носи кривичното дело може да се прошири на многу поширока група луѓе од самата жртва. Резултатите покажуваат разлика меѓу искуствата на жените и на мажите, и во загриженоста во врска со разни кривични дела и, особено, во избегнувањето ризик поради загриженоста за својата безбедност. Жените, а особено младите жени, носат значителни мерки за избегнување ризик од опасноста од (особено) сексуално вознемирување и полово насилство, што во најголема мера ги погодува жените. Обесхрабреноста да се оди на јавни места ограничува разни фундаментални права, особено правото на слобода (член 6 од Повелбата) и почитувањето на приватниот живот (член 7).

Избегнувањето ризик може да биде рационална реакција на искуството, какви што се искуствата на жените со сексуално вознемирување, како што покажува истражувањето на ФРА за насилството врз жените. Сепак, овој наод треба да се стави во контекст на можноста и еднаквоста на можностите за користење јавен простор. Покрај тоа, треба да се обрне внимание и на пониските нивоа на избегнување ризик кај мажите, имајќи предвид дека тие доживуваат високи стапки на одредени видови кривични дела на јавни места.

Загриженоста од претрпување кривично дело е поголема кај оние што имаат пониско ниво на образование, се невработени, имаат ограничена деловна способност (поради здравствен проблем или попреченост) или имаат тешкотии да врзат крај со крај со приходот во своето домаќинство. Ова може да биде поврзано со разни фактори, вклучително и живеење во области со висок криминал; релативното влијание на имотните деликти врз оние што веќе мака мачат да врзат крај со крај, во споредба со луѓето што имаат финансиски средства лесно да го заменат украденото или имаат сеопфатни полиси за осигурување; и пониските приходи што ги ограничуваат начините да се остане безбеден, што се гледа во пониски стапки на поседување автомобил или неможност да се плати такси доцна навечер, на пример.



**СЛИКА 8: ИЗБЕГНУВАЊЕ ЕДНА ИЛИ ПОВЕЌЕ ОД ТРИТЕ НАВЕДЕНИ СИТУАЦИИ ПОРАДИ СТРАВ ОД НАПАД ИЛИ ВОЗНЕМИРУВАЊЕ, ВО 12-ТЕ МЕСЕЦИ ПРЕД АНКЕТАТА, ПО ПОЛ И ВОЗРАСТ (ЕУ-27,%)** [а, б]




*Извор: ФРА, Истражување за фундаменталните права 2019; собирање податоци во соработка со CBS (NL), CTIE (LU) и Statistics Austria (AT)*

Забелешки:

а Од сите испитаници во ЕУ-27 (n = 32.537); пондерирани резултати.

б Во анкетата, на испитаниците им било поставено следното прашање: „Во кое било време во изминатите 12 месеци, дали сте направиле нешто од следново од страв да не бидете физички или полово нападнати или малтретирани? А) Сте избегнувале одредени улици или одење во одредени области, Б) Сте избегнувале да одите на места каде што нема други луѓе наоколу. На пример, паркови или паркинзи, В) Сте избегнувале да бидете сами со некој што го знаете и кој прави да се чувствувате небезбедно“. Сликата ги сумира одговорите на испитаниците на трите ставки. Ако испитаникот одговорил „често“ или „цело време“ на некоја од трите, неговиот одговор е претставен во таа категорија. Ако испитаникот одговорил на некоја од трите ставки со „понекогаш“, но на никоја со „често“ или „цело време“, неговиот одговор е претставен погоре како „понекогаш“. Испитаниците што одговориле на сите три ставки со „не знам“ или „претпочитам да не кажам“ се вклучени во категоријата „не знам или претпочитам да не кажам“.




Ова резиме ги прикажува главните наоди од првиот извештај на ФРА во врска со Истражувањето за фундаменталните права.

ФРА има објавено уште неколку публикации што презентираат одредени резултати од истражувањето. Достапни се на **веб-страницата на ФРА**.












# ПРОМОВИРАЊЕ И ЗАШТИТА НА ВАШИТЕ ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА ВО ЕУ —

Ова резиме ги претставува клучните согледувања од вториот главен извештај на ФРА врз основа на нејзиното истражување за фундаменталните права. Истражувањето собра податоци од околу 35.000 лица за нивните искуства, перцепции и мислења за низа прашања што на различен начин се опфатени со човековите права.

Вториот извештај на ФРА се фокусира на искуствата на луѓето како жртви на одредени видови кривични дела, вклучувајќи насилство, вознемирување и имотни деликти. Во извештајот се наведува и колку често тие кривични дела се пријавуваат во полиција; колку луѓето се загрижени во врска со претрпување кривично дело; и колку тие би биле подготвени да интервенираат, да пријават во полиција или, доколку биде побарано од нив, да сведочат на суд во одредени ситуации.

Презентираните резултати ги нудат првите податоци од истражувањето за криминалитетот во ЕУ во врска со искуствата на општата популација со криминална виктимизација, кои можат да се користат за информирање на ЕУ и на националната политика и законодавството за жртвите на кривични дела.

Victims
Access to Justice
Information society
EU Charter of Fundamental Rights

**ФРА – АГЕНЦИЈА НА ЕВРОПСКА УНИЈА ЗА ОСНОВНИ ПРАВА**
Schwarzenbergplatz 11 - 1040 Виена - Австрија
T +43 158030-0 - Ф +43 158030-699

fra.europa.eu

facebook.com/fundamentalrights
twitter.com/EURightsAgency
linkedin.com/company/eu-fundamental-rights-agency

Publications Office of the European Union